Association "Mariovo - Meglen cultural assembly" - Prilep

University "Ss. Cyril and Methodius"
Institute for sociological political and juridical research

University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
Faculty of economics - Prilep

International scientific conference

MIGRATION AND LABOUR MARKET

BOOK OF ABSTRACTS



Hotel "Montana Palace" Krushevo, Macedonia,
October 19-20, 2012



Здружение „Мариовско - мегленски културни средби“ - Прилеп

Association ”Mariovo - Meglen cultural assembly“ – Prilep



Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

University “Ss. Cyril and Methodius”

Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

Institute for sociological political and juridical research



Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

University “St. Kliment Ohridski” – Bitola

Економски факултет-Прилеп

Faculty of economics – Prilep

Меѓународна научна конференција на тема:

МИГРАЦИЈАТА И ПАЗАРОТ НА ТРУД

- Зборник на апстракти -

International scientific conference

MIGRATION AND LABOUR MARKET

- Book of abstracts -

Крушево, 19-20 октомври 2012 год.

Krushevo, October 19-20, 2012

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

314.15(062)(048.3)
331.5(062)(048.3)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција на тема: Миграцијата и пазарот на Труд : зборник на апстракти : Крушево, 19-20 октомври 2012 год. = International scientific conference: Migration and labour market : book of abstracts : Krushevo, October 19-20, 2012. - Прилеп : Економски факултет : Здружение „Мариовско-мегленски културни средби“ ; Скопје : Институт за социолошки и политичко-правни истражувања = Prilep : Faculty of economics : Association “Mariovo-Meglen cultural Assembly” ; Skopje : Institute for sociological political and juridical research, 2012. - 100 стр. ; 30 см

Текст на македонски и англиски јазик

ISBN 978-9989-695-53-7
ISBN 978-9989-633-33-1
ISBN 978-608-65073-1-2

1. Насп. ств. насл.

а) Миграции - Собири - Апстракти б) Пазар на труд - Собири - Апстракти

COBISS.MK-ID 92214538

Издавачи:

Здружение „Мариовско - мегленски културни средби“ – Прилеп

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Економски факултет-Прилеп

Publishers:

Association ”Mariovo - Meglen cultural assembly“ – Prilep

University “Ss. Cyril and Methodius”, Institute for sociological political and juridical research

University “St. Kliment Ohridski” – Bitola, Faculty of economics - Prilep

Предговор

Миграциските движења и современите тенденции на пазарите на труд во регионот на Југоисточна Европа сé повеќе завземаат значајно место во академските кругови и наметнуваат потреба за преземање соодветни мерки. Целта на меѓународната конференција „Миграцијата и пазарот на труд“ е да придонесе за утврдување на состојбите со миграциите и пазарите на труд и да поттикне дебата за формулирање соодветни решенија во насока на подобрување на вработеноста и намалување на сиромаштијата. Конференцијата е резултат на заедничката соработка меѓу три партнерски институции: Здружението „Мариовско - мегленски културни средби“ - Прилеп, Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје) и Економскиот факултет - Прилеп (Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола). Во оваа прилика би сакале да ја изразиме нашата благодарност на сите учесници за нивните напори да пријават трудови и да истражат различни аспекти поврзани со миграцијата и пазарите на труд во Југоисточна Европа и во глобален контекст. Се надеваме дека бројноста и квалитетот на презентираните трудовите и учеството на голем број истакнати стручњаци и млади истражувачи ќе придонесат за успешно постигнување на целите на конференцијата.

Програмски одбор на конференцијата

Foreword

The migration movements and current labour markets tendencies in the South Eastern European region take increasingly important part in the academic field and impose needs for undertaking appropriate measures. The aim of this international conference entitled “Migration and labour market” is to contribute in assessing the conditions of migration and labour markets and to initiate a debate for creation suitable solutions with regard to improving employment and alleviating poverty. The conference is a result of the joint cooperation among three partner institutions: Association ”Mariovo - Meglen cultural assembly“ – Prilep, Institute for sociological political and juridical research (University “Ss. Cyril and Methodius” - Skopje) and Faculty of economics – Prilep (University “St. Kliment Ohridski” – Bitola). In this occasion, we would like to express our gratitude to all participants for their efforts to submit papers and to explore different aspects related to migration and labour markets in the South-East Europe and in the global context. We hope that the quantity and the quality of the presented papers and the participation of a number of distinguished experts, as well as young researchers will contribute to successful accomplishment of the goals of this conference.

The programme committee of the conference

Програмски одбор

Проф. д-р Јорде Јакимовски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Република Македонија

Академик д-р Таки Фити, Македонска академија на науки и уметности, Република Македонија

Академик д-р Гоце Петрески, Македонска академија на науки и уметности, Република Македонија

Проф. д-р Ферид Мухиќ, Република Македонија

Проф. д-р Љупчо Печијарески, Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола, Економски факултет-Прилеп, Република Македонија

Проф. д-р Димитар Ефтимоски, Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола, Факултет за администрација и менаџмент информациски системи, Република Македонија

Проф. д-р Мирјана Борота Поповска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Република Македонија

Проф. д-р Тибор Киш, Универзитет во Нови Сад, Економски факултет-Суботица, Република Србија

Проф. д-р Зоран Аранѓеловиќ, Универзитет во Ниш, Економски факултет, Република Србија

Проф. д-р Евис Куши, Универзитет „Александар Џувани“-Елбасан, Економски факултет, Република Албанија

Проф. д-р Авдула Хоти, Универзитет во Приштина, Економски факултет, Косово

Проф. д-р Румјана Стоилова, Институт за истражување на општеста и знаење, Бугарска академија на науки, Република Бугарија

Проф. д-р Бранислава Барановиќ, Институт за општествени истражувања-Загреб, Република Хрватска

Стојан Ѓуровски, Здружение „Мариовско-мегленски културни средби“, Република Македонија

Доц. д-р Димитар Николоски, Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола, Економски факултет-Прилеп, Република Македонија

Programme committee

Prof. Jorde Jakimovski, **PhD,** University "Ss. Cyril and Methodius", Institute for sociological political and juridical research, Macedonia

Academician Taki Fiti, PhD, Macedonian academy of sciences and arts, Macedonia **Academician Goce Petreski, PhD,** Macedonian academy of sciences and arts, Macedonia

Prof. Ferid Muhić, PhD, Macedonia

Prof. Ljupcho Pechijareski, PhD, University "St. Kliment Ohridski"-Bitola, Faculty of economics-Prilep, Macedonia

Prof. Dimitar Eftimoski, PhD, University "St. Kliment Ohridski"-Bitola, Faculty of administration and management information systems, Macedonia

Prof. Mirjana Borota Popovski, PhD, University "Ss. Cyril and Methodius", Institute for sociological political and juridical research, Macedonia

Prof. Tibor Kiš, PhD, University of Novi Sad, Faculty of economics-Subotica, Serbia

Prof. Zoran Aranđelović, PhD, University of Niš, Faculty of economics, Serbia

Prof. Evis Kushi, PhD, University "Alexander Xhuvani"-Elbasan, Faculty of economics, Albania

Prof. Avdullah Hoti, PhD, University of Prishtina, Faculty of economics, Kosovo

Prof. Rumiana Stoilova, PhD, Bulgarian academy of science, Institute for study of societies and knowledge, Bulgaria

Prof. Branislava Baranović, PhD, Institute for social research - Zagreb, Croatia

Stojan Gjurovski, Association "Mariovo - Meglen cultural assembly"-Prilep, Macedonia

Prof. Dimitar Nikoloski, PhD, University "St. Kliment Ohridski"-Bitola, Faculty of economics-Prilep, Macedonia

Поттеми на конференцијата

Регионални аспекти на пазарите на труд

Пазарот на труд и демографските промени

Институции на пазарите на труд

Сегментација на пазарот на труд

Проблеми на невработеност и сиромаштија

Квантитативни показатели за пазарот на труд

Политики на пазарот на труд

Современи трендови на миграциите

Миграцијата и демографските промени

Правниот статус на мигрантите

Миграцијата и животниот стандард на населението

Улогата на финансиските дознаки од странство

Социјални аспекти на миграцијата

Миграцијата и улогата на политиките

Односот меѓу миграцијата и пазарот на труд

Conference topics

Regional aspects of the labour markets

Labour markets and demographic changes

Labour market institutions

Labour market segmentation

The problems of unemployment and poverty

Quantitative indicators for the labour markets

Labour market policies

Current migration trends

Migrations and demographic changes

The legal status of migrants

Migrations and the standard of living

The role of remittances

Social aspects of migrations

Migrations and the role of policies

The relationship between migration and labour market

CONTENTS

(alphabetical order)

Abdulai Jonuz, Durmishi Izmit, Kadrius Besa
THE SOCIAL CHANGES AND THE MIGRATION FROM THE GOSTIVAR REGION TO THE WESTERN COUNTRIES…… 17

Abdulrahman-Olusi Kolawole, Jibrin Taiwo Ibrahim
THE EMERGING TRENDS IN RURAL-URBAN MIGRATION IN NIGERIA 18

Anil Kumar Jha
SEARCH OF LIVELIHOOD, MIGRATION AND POLITICAL CONFLICT IN INDIA……... 19

Bejzaroski Limko
MIGRATION AND THE LABOUR MARKET…… 20

Bellaqa Bashkim
LABOR MARKET TRENDS IN EASTERN EUROPE AND BEYOND WITH A SPECIAL FOCUS ON THE REPUBLIC OF KOSOVO…… 21

Berisha Agim
THE ROLE OF FISCAL POLICY IN REDUCING UNEMPLOYMENT – THE CASE OF KOSOVO…… 22

Borota-Popovska Mirjana, Popovski Vasil, Topuzovska Marija
GENERATIONAL MARKERS OF YOUNG MACEDONIAN WORKFORCE 23

Cacanoska Ružica, Slaninka-Dineva Mirjana
MIGRATION AND DEMOGRAPHIC CHANGES…… 24

Chudoska-Blaževska Irina, Malici Nazmi, Zununi Zunun
INTERNATIONAL ECONOMIC IMMIGRATION AS A GLOBAL PHENOMENON…….. 25

Cipusheva Hristina, Abazi-Alili Hyrije
THE IMPACT OF REMITTANCES ON HUMAN CAPITAL – THE CASE OF REPUBLIC OF MACEDONIA…… 26

Ćirić Zoran
INFORMATION TECHNOLOGY IMPACT ON LABOUR MARKET FOR THE DEVELOPMENT PROFESSION STANDARDS…… 27

Dajovska Ana
MAPPING COMMUNITY CAPACITY IN THE PELAGONIA REGION AND THE EFFECTS ON THE LABOR MARKET …… 28

Dakić Stojanka
THE PROBLEM OF YOUTH UNEMPLOYMENT IN BALKAN COUNTRIES WITH REGARD TO THE SOCIAL CONSEQUENCES THAT IT CAUSES….. 29

Dimeski Stevcho
UNILATERAL TRANSFERS - INSTRUMENT FOR TIME BYPASSING OF THE IMBALANCE IN THE CURRENT ACCOUNT OF THE BALANCE OF PAYMENTS…….…….. 30

Dimitrijević Srboljub
POVERTY AS A SOCIAL PHENOMENON……. 31

Dimitrov Nikola, Josheski Dushko, Koteski Cane
NEO-KEYNESIAN MACROECONOMY: IN THE ROLE OF THE GLOBAL TREND OF MIGRATIONS IN THE LABOUR MARKET AND DEMOGRAPHIC CHANGES……. 32

Dimitrović-Shaponja Liljana, Birovljev Elena, Gravorac Sasha
THE ROLE AND SIGNIFICANCE OF THE LABOUR MARKET IN THE OPERATION OF MODERN-DAY CORPORATE ENTITIES - THE SERBIAN EXPERIENCE…….. 33

Dimovski Zlate, Ilijevski Ice, Babanoski Kire
THE SAFETY IMPLICATIONS OF THE MIGRANT MOVEMENT IN SOUTH-EASTERN EUROPE…… 34

Dmitrović Veljko, Knežević Snežana, Lakićević Andrijana
ADEQUACY ASSESSMENT OF HUMAN RESOURCES IN THE FINANCIAL
STATEMENTS…… 35

Dragović Anica, Drakulovska-Chukalevska Marija
INTERNATIONAL MIGRATIONS, WORKFORCE AND GLOBALIZATION 36

Drakulovska-Chukalevska Marija, Dragović Anica
THE INFORMATION ABOUT THE ECONOMIC GLOBALIZATION IN THE PRINTED MEDIA IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA……. 37

Eftimoski Dimitar
USING GROUPED DATA FOR MEASURING POVERTY IN MACEDONIA AND SIMULATION OF THE LONG-TERM UNEMPLOYMENT IMPACT ON MULTIDIMENSIONAL POVERTY WITH COMPOSITE INDEX…… 38

Gjini Kladiola
MIGRATION AND REMITTANCES - WHAT IS THE IMPACT OF POVERTY AND EDUCATION ON FAMILY MEMBERS LEFT BEHIND…… 39

Gjuroski Stojan
MIGRATION OF POPULATION IN MARIOVO REGION……. 40

Gjurovski Marjan, Gjoreski Igor, Avramoska-Gjoreska Biljana, Petreski Toni
THE INFLUENCE OF MIGRATION ON MATERIALISATION OF POLITICAL AND MILITARY POWER OF THE STATES……. 41

Gogoski Risto
MACROECONOMIC ASPECTS OF UNEMPLOYMENT, POVERTY AND LIVING STANDARDS…… 42

Ivanovska Menche, Jovcheska Silvana
THE EDUCATED UNEMPLOYMENT AND THE EMIGRATION - REVIEW OF THE SITUATION IN MACEDONIA…… 43

Jakimovska Viktorija
EXPULSION OF MIGRANT WORKERS: POLICY, PRINCIPLES AND LEGAL SAFEGUARDS……. 44

Jakimovski Jorde
GAP BETWEEN THE SUPPLY AND DEMAND OF LABOUR…….. 45

Jandrić Mersida, Rajić Zoran
MIGRATION TENDENCIES OF POPULATION FROM VILLAGES TO TOWNS ……... 46

Janeska Margarita, Zdraveski Dejan, Taleska Suzana
ANALYSIS OF THE LABOUR MARKET IN THE INFORMATION AND COMMUNICATION SECTOR IN MACEDONIA …… 47

Jelić Sreten, Zivković Dragić
POPULATION MIGRATION FROM VILLAGE TO TOWN IN TRANSITION PROCESS IN SERBIA …… 48

Jovanović-Gavrilović Biljana, Drinka Peković
THE ROLE OF REMITTANCES IN ALLEVIATING POVERTY – THE CASE OF SERBIA ……. 49

Karadjoski Mladen
EUROPEAN UNION AFTER THE ENLARGEMENT WITH THE COUNTRIES FROM CENTRAL AND EASTERN EUROPE: ADVANTAGES AND DISADVANTAGES REGARDING THE MIGRATION POLICIES…… 50

Karadjova Vera, Dičevska Snežana, Gogoski Risto
DEALING WITH UNEMPLYMENT AS A SIGNIFICANT MACROECONOMIC PROBLEM…….. 51

Kartik Yadav
A MODEL OF NEW ECONOMICS OF LABOUR MIGRATION…… 52

Khabibulina Violetta
MEDICALISATION OF NATIONAL SECURITY IN RELATION TO LABOUR MIGRANTS IN RUSSIA…… 53

Kirjakovska Katerina
THE INFLUENCE OF THE MIGRATION WITH THE QUALITATIVE AND QUANTITATIVE INDICATORS OF HUMAN RESOURCES……. 54

Kiš Tibor, Čileg Marija, Sedlak Otilija
THE INFLUENCE OF LIFELONG LEARNING AS A INSTRUMENT OF ACTIVE EMPLOYMENT POLICIES ON LABOUR MARKET TENDENCIES 55

Klopchevska Valentina
THE SOCIO-ECONOMIC POSITION AND THE MIGRATION OF THE ROMA POPULATION IN THE MUNICIPALITY OF DEBAR…… 56

Kocareva Neda
EURAXESS – EUROPEAN TOOL FOR STIMULATING LABOUR MIGRATION IN THE ACADEMIC FIELD…….. 57

Kokaroski Dimko, Micalevska Tanja
FLUCTUATION OF THE PHILIPS CURVE IN A SHORT TERM IN REPUBLIC OF MACEDONIA…… 58

Koleva Galina
MIGRATION PROCESSES AND THE LABOUR MARKET IN BULGARIA – SITUATION, REGULATIONS, POLICIES…… 59

Leshkovska Irena, Jovevska Elena
THE POLICY OF DEALING WITH THE ILLEGAL IMMIGRANTS IN THE REPUBLIC OF FRANCE: MORALS FOR THE EMIGRANTS FROM THE REPUBLIC OF MACEDONIA…… 60

Loku Afrim, Rudari Rexhep
ASSESSMENT ON REMITTANCES IN KOSOVA ON THE CONTEXT OF DIM INCREASE…….. 61

Lumani Fatmire
PROBLEMS OF UNEMPLOYMENT AND POVERTY…… 62

Markusheski Ljupche, Andonovski Miroslav
MODELS FOR ELIMINATION OF THE DISCRIMINATION ON THE LABOUR MARKET…… 63

Mehmedi Drita
THE MIGRATION AND THE LABOUR MARKET - SOCIAL ASPECTS OF MIGRATION……... 64

Midovska Marija, Todorovska Marinela
THE INFLUENCE OF THE EDUCATIONAL SYSTEM OVER THE LABOUR MARKET IN THE PELAGONIA REGION…… 65

Migulovska Andrijana
MODELS FOR ENTERPRENEURIAL EDUCATION FOR ADVANCEMENT OF THE ENTREPRENEURIAL EXPERTISE OF MANAGERS AND EXECUTIVES……. 66

Milenkova Valentina
EDUCATION IN RURAL CONDITIONS AND LABOR MARKET…… 67

Mircheska-Petkovska Tatjana, Daniloska Natasha, Boshkovska Diana, Janevski Zoran
REDUCING THE OUTFLOW OF RESEARCHERS THROUGH DEVELOPMENT OF E-ENTREPRENEURSHIP INTHE REPUBLIC MACEDONIA…….. 68

Mojanoski Cane
ASPECTS OF THE SECURITY AND THE LABOUR MARKET…… 69

Moyo Zothile
UNDOCUMENTED MIGRANT CHILD BEGGARS: A REVIEW OF THE CYCLICAL RELATIONSHIP BETWEEN UNEMPLOYMENT, POVERTY AND MIGRATION IN SOUTH EASTERN EUROPE…….. 70

Nikoloska Svetlana
GREY ECONOMY AS A CONSEQUENCE OF UNEMPLOYMENT AND POVERTY IN REPUBLIC OF MACEDONIA OR A CRIMINAL FOR GAINING OF TREASURES…… 71

Nikoloski Dimitar, Pechijareski Ljupcho, Pechijareski Goran
THE IMPACT OF LABOUR MARKET ADJUSTMENT MECHANISMS ON THE LABOUR MARKET SEGMENTATION IN MACEDONIA……. 72

Nikolovska-Vrateovska Danche, Mojsoska Snežana
CLOTHING INDUSTRY AS A SOURCE FOR EMPLOYMENT IN MACEDONIA - FOCUS ON THE MUNICIPALITY OF SHTIP…….. 73

Nikolovski Aleksandar, Petrusheva Nada
ECONOMIC MEASURES FOR DECREASE OF UNEMPLOYMENT AND POVERTY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA…….. 74

Nikolovski Marjan, Žibak Mila, Nikolovska Frosina
ILLEGAL MIGRATION AND ILLEGAL COMPETITION ON THE LABOUR MARKET……. 75

Nikolovski Zoran
THE FRENCH LANGUAGE AS A MEANS FOR INFOMATION FOR THE CONSUMER AND PROTECTION OF THE EMPLOYEE…… 76

Njoya Raissa
MIGRATION AND LABOUR IN REGIONAL ECONOMIC COMMUNITIES: AN AFRICAN PERSPECTIVE…….. 77

Obednikovska Snežana, Mojsovska-Salamovska Snežana
THE DEVELOPMENT OF THE SMALL BUSINESSES AS A FACTOR FOR DECREASE OF MIGRATION AT THE LABOUR MARKET IN REPUBLIC OF MACEDONIA…… 78

Pechijareski Ljupcho, Nikoloski Dimitar, Pechijareski Martin
THE IMPACT OF THE GLOBAL SOCIAL AMBIENCE IN MACEDONIA ON THE LABOUR MARKET…… 79

Pejkovski Jovan
UNEMPLOYMENT, POVERTY, GREY ECONOMY…….. 80

Petreski Goce
GLOBAL POPULATION TRENDS AND THE CHALLENGES TO DEVELOPMENT……. 81

Petreski Zoran
A MODEL FOR PUBLIC MANAGEMENT WITH STRATEGIC CHARACTERISTICS AS AN EFFECIVE INTEGRATION OF THE TRENDS IN THE PUBLIC MANAGEMENT FOR GOVERNING OF THE SOCIO-ECONOMIC REALITY AND THE LABOUR MARKET……. 82

Popovski Vasil, Tosheva Elizabeta
MIGRATORY MOVEMENTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND LABOUR MARKET: IMPLICATIONS FOR THE REGIONAL ECONOMIC DEVELOPMENT……. 83

Radovanov Boris, Marcikić Aleksandra, Tinde Dobrodolac-Šeregelj
QUANTITATIVE ANALYSIS OF LABOUR MARKET AND HIGHER EDUCATION……... 84

Risteska Aneta, Spaseska Tatjana, Risteska Fanka
THE ROLE OF THE SMALL AND MEDIUM BUSINESSES IN THE DECREASE OF UNEMPLOYMENT AND MIGRATIONS, WITH A SPECIAL ATTENTION ON REPUBLIC OF MACEDONIA……. 85

Sasajkovski Slavejko, Micanovska Ljubica
THE POLICIES ABOUT THE LABOUR MARKET OF BARACK H. OBAMA И НА W. MITT ROMNEY…….. 86

Sedlak Otilija
HUMAN RESOURCES AND THEIR CAPACITY FOR INCLUSION IN THE ECONOMIC AND SOCIAL DEVELOPMENT……. 87

Sekovska Blagica, Anakiev Boris
MIGRATIONS IMPACT TOWARD DEVELOPMENT OF AGRICULTURE…. 88

Shehu Diana, Çakalli Majlinda, Shehu Albana
MIGRATION AND IMMIGRATION, THE ROLE AND THEIR CONSEQUENCES IN ALBANIAN ECONOMY AND CULTURE…….. 89

Sotiroski Kosta, Hristoski Ilija
STATISTICAL ANALYSIS AND CONCLUSIONS FOR THE MIGRATION MOVEMENTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITHIN THE PERIOD FROM 2000 TO 2011…….. 90

Stojanovska Nikolina, Cuyvers Ludo
MINIMUM WAGES, EMPLOYMENT OF LOWER-SKILLED AND THE IMPACT OF TRADE AND TECHNOLOGY ON THE WAGE INEQUALITY IN SELECTED OECD COUNTRIES……. 91

Stojkova Eleonora
POVERTY, PROBLEMS OF UNEMPLOYMENT AND SOCIOLOGY OF SAVINGS AND MACEDONIA IN THAT MATTER…… 92

Todorovska Marinela, Midovska Marija
THE ROLE OF THE EMPLOYMENT AGENCIES IN DECREASING OF UNEMPLOYMENT IN THE PELAGONIA REGION……... 93

CLOTHING INDUSTRY AS A SOURCE FOR EMPLOYMENT IN MACEDONIA - FOCUS ON THE MUNICIPALITY OF SHTIP

Nikolovska-Vrateovska Danche

Mojsoska Snežana

The macroeconomic analysis in the last few years points to the fact that the performances of the clothing industry are still small from the aspect of the growth of the added value and the participation of the GDP. The representation of the clothing industry on national level in regions and is with the biggest domination in the eastern region, whereupon the information say that more than one third of the employees and the companies in the clothing industry are concentrated in this region. The aim of this paper is to show the circumstance in the clothing industry as a source for employment in Shtip. In this paper with the help of a statistical elaboration, the data for the numbers of employees and the number of unemployed (according to gender and education) will be presented. Today at the level of municipality of Shtip, from total of 1786 active business subjects, there are 58 manufacturing facilities for textile and clothes, within which there are 5610 employees. The number of unemployed individuals in municipality of Shtip, in the last three years records a continuous trend of a decrease, whereupon the same in 2009 was 6990 unemployed individuals, and in 2011 a total number of 5528 unemployed individuals (from which 3370 men and 2158 women).

For the improvement of the situation of unemployment in Shtip throughout this paper will be offered some actions like trainings for a certain target group of unemployed (especially men) for pre qualification and over qualification in the direction of the needs of the manufacturing clothing industry, as well as trainings for the unemployed population at the level of municipalities, for overcoming the prejudices about the biological division of labour (to male and female professions, where the sewing is still considered to be a „women's profession“) and all is with the aim for efficient allocation of the disposable resources (the basic paradigm of the economic science), a decrease in unemployment, an increase in production, a growth of the expenditure and an increase in the level of the standard of life and the quality of life within the community.

Key words: clothing industry, employment, regional development.

INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE MIGRATION AND LABOUR MARKET, 2012, KRUSEVO

ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА КАКО ИЗВОР НА ВРАБОТУВАЊЕ ВО Р. МАКЕДОНИЈА – ФОКУС НА ОПШТИНА ШТИП

М-р Данче Николовска- Вратеовска[1]

Доц.д-р Снежана Мојсоска[2]

М-р Вања Џамбазова[3]

Апстракт

Макроекономската анализа во последните неколку години укажува дека перформансите на текстилната индустрија се сеуште мали од аспект на раст на додадената вредност и учество во БДП. Застапеноста на текстилната индустрија на национало ниво по региони е со најголема доминација во источниот регион, при што податоците говорат дека повеќе од една третина од вработените и фирмите во текстилната индустрија се концентрирани во овој регион. Целта на овој труд е да се прикаже состојбата во текстилната индустрија како извор за вработување во Штип. Во овој труд со помош на статистичка обработка ќе се преставаат податоци за бројот на вработени, бројот на невработени лица (според пол и образование). Денес на ниво на општина Штип, од вкупно 1786 активни деловни субјекти, постојат 58 производствени капацитети за текстил и облека, во рамки на кои се вработени вкупно 5610 работници.Бројот на невработени лица во општина Штип, во последните три години бележи континуиран тренд на намалување, при што истиот во 2009 година изнесувал 6990 невработени лица , а во 2011 година вкупно 5528 невработени лица (од кои 3370 мажи и 2158 жени).За подобрување на состојбата на невработеноста во Штип преку овој труд ќе бидат понудени мерки како што се обуки врз целна група на невработени (посебно мажи) за преквалификација и доквалификација во насока на потребите на преработувачката текстилна индустрија, како и обуки врз невработеното население на општинско ниво, за надминување на предрасудите околу биолошката поделба на трудот (на машки и женски професии, при што шиењето е сеуште третирнао како ,,женска професија,,) а со цел ефикасна алокација на расположливите ресурси (основна парадигма на економската наука), намалување на невработеноста, зголемување на производството, раст на потрошувачката и зголемување на нивото на животниот стандард и квалитетот на живеење во заедницата.

Клучни зборови:текстилна индустрија, невработеност,зголемување на животниот стандард

[1] Управа за јавни приходи-Штип, nikolovska_dance@yahoo.com

[2] Универзитет Св.Климент Охридски-Битола, Факултет за безбедност-Скопје

[3] Докторанд

ВОВЕД

Невработеноста како социоекономска појава е еден од горливите проблеми на современото општество. За невработени се сметаат сите работноспособни лица кои активно бараат работа но неможат да ја најдат. Стапката на невработеност е сооднос помеѓу бројот на невработени лица и вкупната работна сила. Освен економските трошоци, социолошките истражувања покажуваат дека невработеноста, посебно доколку е долготрајна, имплицира низа на социјални негативни екстерналии и девијации: предизвикува сериозно нарушување на психофизичкото здравје на невработените лица, причина е за зголемен број на бракоразаводи, самоубиства и инкриминирачки општествени појави.

Анализирано во макроекономски рамки, високата невработеност повлекува високи буџетски трошоци: растат издатоците за социјални трансфери а се јавуваат и опуртунитетни буџетски трошоци од неостварените даночни приливи и социјални придонеси, кои инаку (доколку би биле вработени) би ги плаќале невработените лица. Невработеноста (која може да биде фрикциона, циклична или структурна) имплицира недоволна искористеност на домашните ресурси и намалена стапка на раст на бруто домашниот приоизвод во националната економија.

Токму затоа, проблемот со невработеноста е константна сфера на интерес и предмет на истражување кај економистите ширум светот.

Меѓу економистите во шеесетите години од минатиот век, постоел консензус дека на дадено ниво на технолошка развиеност и состојба на пазарот на труд, стапката на невработеност од 4% е компатибилна со релативно целосна ангажираност на ресурсите. Од аспект на анализа на економските трошоци, истражувањата на американскиот економист Артур Окун во 1961 година, покажуваат дека 3%-то намалување на реланиот БДП под потенцијалниот, предизвикува зголемување на стапката на невработеност за 1%.Според законот на Окун, во услови кога економскиот раст Y забавува, невработеноста U се зголемува а кога производот расте во однос на трендот на неговиот потенцијален раст □, невработеноста има опаѓачки тренд. Оваа функционална поврзаност е прикажана низ следнава равенка:

$$U - \bar{U} = -g\,(Y - \square)$$

каде што $\bar{U}$ ја претставува врамнотежената стапка на невработеност. Ако на долг рок производството е условено од расположливиот капитал, економските реурси, работната сила и современата технологија (know-how), на краток рок, поради флуктуациите на побарувачката, флуктуира и производството како рефлексија на прилагодувањето на реалниот сектор преку поголемо ангажирање или намалување на работната сила.

Англискиот економст А. В. Филипс, претставувајќи ја стапката на пораст на номиналните плати и инфлацијата предизвикана од овој пораст во Велика Британија за периодот 1861-1957 година и споредувајќи го овој тренд со трендот на стапката на невработеност, дошол до заклучок (и покрај неколкуте големи отстапувања), дека помеѓу нив постои силна негативна корелациона поврзаност. Притоа, помеѓу

економистите во светот беше прифатено дека филипсовата крива претствува своевидно ,,мени,, за економските власти, на кое што може да избираат помеѓу нивоата на стапката на инфлација и стапките на невработеност.

Комбинирањето на кривата на Окун и кривата на Филипс ја дефинираат кривата на понудата, според која е потребно инфлацијата (монетарната понуда) да се зголеми за да се поттикне растот на производството и намалување на невработеноста. Но сепак, останува фактот дека,, доколку дојде до паралелно зголемување на цените и платите, реалните каматни стапки - реалните плати и реалниот девизен курс ќе останат непроменети.

Подоцна, со појавата на нафтените шокови и појавата на феноменот на економска *стагфлација* (високи цени пропратени со силна рецесија и невработеност), се чини дека монетаристите на чело со Милтон Фридман успеаја да ги победат Филипс и кејнзијанците во делот на (не)функционирањето на законот на Филипс. На долг рок нивото на невработеноста е на најзината урамнотежена стапка а производот на неговата патека на тренден пораст. При тоа, и кривата на агрегатната понуда и кривата на Филипс се вертикални и како што производството е определно од реалните фактори во економијата, инфлацијата е определена од монетарниот раст, независно од нивото на производството или од невработеноста.

Макроекономска анализа на вработувањата во текстилната индиустрија

Макроекономската анализа за периодот 2001-2006 година во Р.Македонија укажува дека перформансите на текстилната индустрија се сеуште мали од аспект на раст на додадената вредност и учество во БДП: истата остварила побавна динамика на пораст од 118,9 индексни поени, додека остварениот БДП и вкупната додадена вредност на ниво на националната економија, бележат динамика на пораст со индекс 126,4 и 128,3 поени. Учеството пак, на текстилната индустрија во вкупните СДИ на ниво на земјата, изнесувало 0,83% што, исто така, е значително под учеството на оваа индустриска гранка во формирањето на БДП-Додадена вредност. Во таа смисла, се заклучува дека, во целина, текстилната индустрија не остварува напредок, со оглед на тоа дека цените на производите опаднаа а трошоците значително пораснаа. [4]

[4] GFA (7-2006) - Identification of Fast Growing Sectors: Small and medium-size entreprise development-government and private sector,GFA 01.07.2006

Табела 1. Учество на текстилната индустрија во БДП-Додадена вредност,инвестициите,извозот и вработеноста(во %)

Учество на текстилната индустрија во БДП-Додадена вредност, инвестициите, извозот и вработеноста (во %)					
	2001	**2002**	**2003**	**2004**	**2005**
УЧЕСТВО НА ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА ВО:					
Вкупниот БДП-Додадена вредност	3.1	2.9	2.8	2.8	2.8
БДП на преработувачката индустрија-Додадена вредност	15.2	15.2	14.9	16.3	15.2
УЧЕСТВО НА ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА ВО:					
Вкупните инвестиции во основни средства	-	1.4	1.6	1.5	1.6
Инвестициите на преработувачка индустрија	-	7.7	8.9	9.9	10.3
УЧЕСТВО НА ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА ВО:					
Вкупниот извоз	31.0	33.3	32.3	31.9	26.4
Извозот на преработувачката индустрија	--	--	--	--	--
УЧЕСТВО НА ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА ВО:					
Вкупните вработени	8.4	8.0	8.5	8.8	8.8
Вработените во преработувачка индустрија	30.3	30.3	34.6	36.4	37.2

Извор: Министерство за финансии (6-2007)-Стратегија за развој на текстилната индустрија во Р.Македонија, МФРМ, 06.2007

Лон работите учествуваат со 93% додека на класичниот извоз отпаѓа 7% од вкупниот извоз на текстилната индустрија, што повлекува девизниот прилив по основ на извозот на текстил и текстилни производи да е релативно мал и истиот се проценува на околу 130-150 милиони САД долари. Трудоинтензивноста и бавното прилагодување на работењето на текстилната индустрија на условите што ги наметнува глобализацијата на трговските текови условува и ниски нивоа на СДИ и мали обем на средства по инвестиција. Издвојувањата за бруто плати на вработените во текстилната индустрија зафаќаат голем дел од вкупните производствени трошоци што е една од основните причини за нелегално вработување во секторот и развивање на сивата економија (се проценува дека од 10% до 15% од вкупниот број на вработени во текстилната индустрија се нелегални –неевидентирани вработувања).[5] Во насока на зголемување на ликвидноста и подршка на овој сектор беа и законските измени во земјава и олеснувањата во делот на банкарските гаранции за привременито увоз на производствени материјали (ослободување од доставување на банкарски гаранции за друштвата кои ќе ги исполнат предвидените услови, како и намалување на износот на гаранцијата на 10%, 30% и 50% за оние кои не ги исполнуваат условите за целосно ослободување).

Застапеноста на текстилната индустрија на национало ниво по региони е со најголема доминација во источниот регион, при што податоците говорат дека повеќе од една третина од вработените и фирмите во текстилната индустрија се концентрирани во овој регион.[6] Затоа оваа анализа ќе се фокусира на значајноста на

[5] Министерство за финансии (6-2007) - Стратегија за развој на текстилната индустрија во Р.Македонија, МФРМ, 06.2007

[6] www.piom(accessed 05.09.2012)

текстилниот сектор од аспект на капацитетот за веќе реализираните работни места како и генерирање на нови вработувања.

Дијаграм 1. Бројот на претпријатија и број на вработени во текстилната индустрија во Р.Македонија, на ниво на регион (НУТС3), 2006 год.



Извор: Министерство за финансии (6-2007) - Стратегија за развој на текстилната индустрија во Р.Македонија, МФРМ, 06.2007

Анализата на големината на претпријатијата во оваа индустриска гранка, вршена според критериумот број на вработени укажува дека доминантно е учеството на микро (1-9 вработени) и малите претпријатија (10-49), а релативно помало е тоа на средните (50-249) и големите (250 и повеќе врботени) претпријатија. Заедничкото учество на микро и малите претпријатија во вкупниот број друштва изнесува 87,7%, а во вкупно вработените 22,3%.


Резултатите од едно анкетно истражување врз 21 086 работници ангажирани во конфекциите, укажуваат дека во текстилната индустрија во Република Македонија е ангажирана релативно добро обучена работна сила. Од испитаниците, повеќе од половина имаат средно обрзование. Во однос на образовната структура на вработените, според големината на друштвата, може да се констатира дека во сите, освен во микро претпријатијата, доминантно е учеството на работниците со средно образование. Во малите и средните по големина претпријатија релативно високо е учеството и на квалификувана и висококвалификувана работна сила.[7]

Во текстилната индустрија претежна е ангажираноста на женската работна сила – како илустрација на тоа го прикажуваме податокот дека во 2004 и 2005

[7] Министерство за финансии (6-2007) - Стратегија за развој на текстилната индустрија во Р.Македонија, МФРМ, 06.2007

година, дури 81% од вкупниот број на вработени на национално ниво во секторот е од женската популација.[8]

Дијаграм 2. Структура(во %) на вработените во анкетираните деловни субјекти во текстилната индустрија, според образование



Извор: Министерство за финансии (6-2007) - Стратегија за равој на текстилната индустрија во Р.Македонија, МФРМ, 06.2007

Поаѓајќи од трудоинтензивноста на текстилната индустрија во земјава, следува дека човечките ресурси се еден од клучните фактори за нејзиниот понатамошен развој. Расположливите податоци потврдуваат дека бројот на вработените во 2010 година изнесува 45 307 лица при што поради неспорноста на постоењето на неформалниот сектор, проценките говорат дека бројот на непријавените вработени би можел да го зголеми бројот на фактичката вработеност во овој сектор за дополнителни 10% -15% од формално вработените во текстилната индустрија. Речиси една третина од вкупниот број на вработени во македонскиот индустриски сектор работи во конфекциите што е многу повеќе од вработените во прехранбената индустрија и производство на пијалаци (16.938) и далеку повеќе од 9590 вработените во производството на метални производи. Бројката на вработени лица во текстилната индустрија иако е намален во однос на 1980-тите години (кога изнесуваше 62,518 вработени) сепак, останува показател за важноста на оваа индустрија на национално ниво. [9]

Стареењето на работната сила е поизразено во големите претпријатија а ниското ниво на додадена вредност, малите плати и работни услови (и покрај високата стапка на невработеност од 31,6% на национално ниво, наспроти стапката

[8] www.stat.gov.mk(02.09.2012)
[9] www.seep.ceu.hu: Macedonian clothes for Europe Policy Study 1

на вработеност од 38,6%[10]) стануваат ограничувачки фактор за привлекување на млада квалификувана работна сила. Застапеноста на постарата работна сила истовремено повлекува и застареност на нејзините знаења и намалена продуктивност.

Табела 2. Вработеност и приход во текстилната индустрија од 2008 до 2010 година

Година	2008	2009	2010
вработеност во текстилната индустрија	48990	44.259	45307
Текстил	2802	2950	2206
облека/ткаење	46188	41309	43101
% од бројот на вработени во индустријата	37,99%	34,91%	35,19%
% од вкупниот број на вработени	8,04%	7,02%	6,86%
Приход (GDP) во евра	10610	8941	
Текстил	1174	871	
облека/ткаење	9436	8070	
% од вкупниот индустриски приход	15,02%	15,40%	
% од GDP	17,15%	14,12%	

Извор: Податоци и соопштенија од Државен завод за статистика

Во насока на ефикасна алокација на расположливите ресурси а во рамки на тоа и ефикасна алокација на човечките ресурси и работната сила т.е. намалување на невработеноста во Р.Македонија, потребно е зголемување на атрактивноста на работните места во текстилниот сектор преку зголемување на додадената вредност и продуктивноста во истиот. Уште повеќе и поради добиените сознанија од пилот истражувањето CHA – skill needs analisis, спроведено во 2006 и 2007 година во поглед на дефицитарната работна сила со високо образование, 17% се дипломирани текстилни инженери (технолози или технолози по конфекција), а од оние со вишо образование околу една третина се текстилни инженери технолози по конфекција и една петтина текстилни дизајнери. Од оние со средно стручно образование, дури 77% се конфекциски техничари, а од квалификувана работна сила, 80% се од различни профили на текстилната струка (од нив околу четири петтини се конфекционери). Ова истражување покажува дека се бараат и повеќе од 800 полуквалификувани работници, од кои три петтини (околу 60%) се конфекциски шивачи, а 15% конфекциски пеглачи и шивачи на тешка и лесна конфекција.

Состојбата во Штип

[10] www.stat.gov.mk(accessed 02,09,2012)

Штип како и други градови во поранешна СФРЈугославија, помина низ брз процес на масовна индустријализација и урбанизација за да прерасне во важен економски центар. Брзата индустријализација повлече напуштање на земјоделството, масовно мигрирање село –град и депопулација на голем број од руралните населени места. Урбанизација во повоениот период е толку изразена што до 2002 година, од вкупно 45 села во општината, 35 биле целосно напуштени или имале помалку од 100 жители. Во останатите населени рурални места, и денес е изразено дневното патување село –град заради претежната вработеност на ова население во штипските индустриски капацитети.

При процесот на индустријализација во Штип, доминираше производство на текстил и облека. Во рамки на останатите индустриски објекти функционираа капацитети за производството на храна и кондиторски производи, производството на метали, производство на чевли и производство на разсветлни тела. Сепак, текстилните фабрики Македонка и Астибо (со над 5000 вработени), одиграа водечка улога во трансформирањето на градот и негова ориентација во текстилната индустрија –примат кој што е важечки до денес во однос на потенцијалите за економски раст и развој на Штип. Кризата на текстилната индустрија во Штип започна во 1980-тите. Двете компании банкротираа во средината на 1990-тите и покрај обидите на државното раководство да го спречат тоа, преку разни ,,програми за реструктуирање,,, отпуштање на вишокот на работници и субвенционирање на производството преку заеми. Астибо беше ликвидиран во текот на 2002 година и по згаснувањето на двата текстилни гиганта се појавија повеќе мали и средни претпријатија кои продолжија да работат во гранката, искористувајќи дел од постоечките капацитети, опрема, квалификувана работна сила но и на веќе воспоставените бизнис-релации .

Табела: Број на вработени во о. Штип по сектори за 2008 година

СЕКТОР	БР. НА ФИРМИ	БР. НА ВРАБОТЕНИ
ОБЛЕКА	58	5,610
ЈАВЕН/ДРЖАВЕН СЕКТОР	50	2,351
Обувки	8	1,216
Градежништво	54	531
Транспорт	112	521
Преработка на храна	42	485
Логистика	26	304
Земјоделство	62	254
Здравство	22	100
Адвокати	19	20
Друго	314	2,775

Извор: ЛС Штип (2009)-Локален акционен план за вработување на о.Штип и о.Карбинци (2009); Документација на ПИОМ; CRPM Casional paper N.8 (11-2005)-The history of Macedonian textile industry with a focus on Shtip, 29. 11. 2005, Skopje

На ниво на општина Штип, од вкупно 1786 активни деловни субјекти, постојат 58 производствени капацитети за текстил и облека, во рамки на кои се вработени вкупно 5610 работници (повеќе од бројот на вработени во овие сектори во Скопје - 3851 работници, Тетово -3.563, Гевгелија - 2985, Битола со 2.541 и Струмица со 2316) што повлекува дека околу 47% од вкупниот број на вработени лица во општината се ангажирани во конфекционерството како индустриска гранка и го подвлекува Штип како најголем центар за производство на текстил и облека во Македонија.

Во 2008 година вкупниот број на вработени за општините Штип и Карбинци изнесувал 17 195 лица, од кои дури 47% во текстилната индустрија, 10,8% во трговијата, 7,2% во чевларската индустрија, 6,5% во образованието, 6,2% во здравството, 4,5% во градежништвото и 3,7% во транспортот. Најголемиот број на текстилните компании произведуваат само мал дел од своето производство за домашните пазари или за сопствен извоз: (од 5% до 30% од вкупното приозводство на ниво на фирма). Поради забавените процеси на прилагодување во текстилната индустрија, преовладува лон работењето, кое се сведува главно на шиење, како еден од најнедоходовните видови на соработка со странските партнери, со ефтината работна сила како единствена компаративна предност (висината на платите е основна детерминанта на конкурентноста), при што дизајнирањето и брендирањето на сопствени модни линии и марки е речиси целосно маргинализирано. Повеќето од компаниите се мали и со средна големина, а работниците се вешти во едноставни техники потребни за производство на т.н. лесна конфекција. Во рамки на услужниот сектор кој функционира комплементарно со конфекциите, егзистираат 27 шпедиции кои воедно делуваат како логистички центри на текстилните фабрики, сервисираат транспортни услуги и бројат над 300 вработени лица.[11]

Од аспект на значењето на текстилната инсдустрија за намалување на невработеноста, посебено е интересна анализата на случај за општина Штип. Во Штип како центар на текстилната индустрија во земјата, дејствуваат 19,1% од средните претпријатија и 23,6% од вкупно вработените во нив. 28,3% од претпријатијата се мали и средни и во нив се ангажирани повеќе од половина (55,3%) од вкупно вработените во текстилната индустрија, додека во големите претпријатија се ангажирани безмалку околу 40% од вкупниот број на вработени во текстилната индустрија. [12]

Бројот на невработени лица во општина Штип, во последните три години бележи континуиран тренд на намалување, при што истиот во 2009 година изнесувал 6990 невработени лица (од кои 4309 мажи и 2681 жени), 6485 во 2010 година (од кои 4099 мажи и 2386 жени) и во 2011 година вкупно 5528 невработени лица (од кои 3370 мажи и 2158 жени) додека бројот на невработена полуквалификувана, неквалификувана, квалификувана, висококвалификувана и работна сила со завршено средно образование во 2009 изнесува 6195 невработени, во 2010 година е 5737 и во 2011 година е 4790. Бројот на невработени лица со вишо, високо образование и со

[11]CRPM Casional paper N.8 (11-2005)-The history of Macedonian textile industry with a focus on Shtip, 29. 11. 2005, Skopje

ЛС Штип (2009)-Локален акционен план за вработување на о.Штип и о.Картбинци (2009)

[12]Документација од ПИОМ

завршени постдипломски студии: за 2009 година изнесува 795 , 2010 година -747 и за 2011 година - 738 невработени лица. [13]

Анкетата извршена за утврдување не потребите од вештини во микрорегионот на општините Штип и Карбинци во периодот од 2006 до 2008 година (која е делумно објективна зошто не ги опфаќа малите претпријатија кои имаат до 9 вработени лица) сублимирала дека женската вработеност е доминантна и достигнува дури 69% во 2008 година. Имајќи ги предвид податоците за бројот на невработени лица во Штип и Карбинци според половата структура за периодот 2009-2011 година, евидентно е дека сеуште доминира машката невработеност. Кога на ова ќе се додаде податокот дека околу 47% од вкупните вработувања се во текстилната индустрија (и тоа во призводствениот дел од оперативниот процес и дека наредната 2013 година, светскиот бренд Џонсон Контрол, со цел шиење на автомобилски превлаки ќе започне со целосно функционирање во о. Штип, при што освен постоечките 200 вработувања се најавени и планирани уште 1300 нови вработувања), се извлекува заклучокот дека се потребни обуки врз целна група на невработени (посебно мажи) за преквалификација и доквалификација во насока на потребите на преработувачката текстилна индустрија, како и обуки врз невработеното население на општинско ниво, за надминување на предрасудите околу биолошката поделба на трудот (на машки и женски професии, при што шиењето е сеуште третирнао како „женска професија„) а со цел ефикасна алокација на расположливите ресурси (основна парадигма на економската наука), намалување на невработенста, зголемување на производството, раст на потрошувачката и зголемување на нивото на животниот стандард и квалитетот на живеење во заедницата.

Заклучок

Од макроекономската анализа на текстилната индустрија во Штип како заклуичок може да се изведе дека е потребно паралелно креирање на стратешки програми, мерки и инструменти кои би овозможиле развој, осовременување и јакнење на капацитеите за нови вработувања на текстилната индустрија во Р. Македонија, мерки за хоризонтално и вертикално вмрежнување и/или спојување на фимрите и користење на економиите од обем, мерки за специјализирање во дадени операции при фазното производство, мерки за стимулирање на создавање на локални (регионални) брендови, обезбедување на кадровско зајакнување на непроизводствениот сектор во деловните субјекти, стимулирање на развојот на индустриската услужна економија, ангажирање на стручна работната сила од областа на маркетинг, дистрибуција, е-бизнис, менаџирање на квалитетот, финансиско планирање, проектирање, дизајн, моделарство (високообразована работна сила која денес е расположлива на пазарот на трудот), инвестиции во

[13] АВРМ (02-2012)- Извештај за работа на АВРМ 2011, 02,2012

високо-пропулзивна техника и технологија, раздвојување на менаџерската и сопственичката функција итн.

Паралелно на ова, а поаѓајќи од ниските почетни вложувања во гранката, неопходни се и мерки за рамномерен регионален развој и лоцирање на текстилната индустрија во подрачјата со помладо население, во руралните подрачја и во недоволно развиени и помали општини, мерки за стимулирање на традиционалното прозводство на облека или други текстилни производи од мал обем со препознатливи обележја, при што би се остварile повеќе социјални и регионални аспекти: враќањето во селата и користењето на локалните ресурси (на постојните објекти, на локалните текстилни суровини на пример волната), стимулирање на занаетчиското производство и ракотворбите кои се бараат на странските пазари, би се создале услови, вака ангажираната работна сила да се јави како иницијатор за други самостојни и нови стопански активности итн.

Користена литература

1. GFA (7-2006) - Identification of Fast Growing Sectors: Small and medium-size entreprise development-government and private sector,GFA 01.07.2006
2. Министерство за финансии (6-2007) - Стратегија за равој на текстилната индустрија во Р.Македонија, МФРМ, 06.2007
3. www.piom(accessed 05.09.2012)
4. Министерство за финансии (6-2007) - Стратегија за равој на текстилната индустрија во Р.Македонија, МФРМ, 06.2007
5. www.seep.ceu.hu: Macedonian clothes for Europe Policy Study 1
6. www.stat.gov.mk(02.09.2012).
7. CRPM Casional paper N.8 (11-2005)-The history of Macedonian textile industry with a focus on Shtip, 29. 11. 2005, Skopje
8. ЛС Штип (2009)-Локален акционен план за вработување на о.Штип и о.Картбинци (2009)
9. Документација од ПИОМ
10. АВРМ (02-2012)- Извештај за работа на АВРМ 2011, 02,2012